# ОД КАДЕ ДОАЃААТ ЕМИСИИТЕ НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ ВО СЕКТОРОТ

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Министерство за животна средина и просторно планирање

UNDP Empowered lives. Resilient nations.

Стакленички гасови кои се емитуваат од секторот земјоделство:

$CH_4$ / $N_2O$ / $CO_2$

ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР УЧЕСТВУВА СО **8,2%** ВО ВКУПНИТЕ ЕМИСИИ НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ ВО ДРЖАВАТА

## И Е РЕЧИСИ НА ИСТО НИВО СО ИНДУСТРИЈАТА (7,6%)

***ЗЕМЈОДЕЛСТВО, од каде доаѓаат емисиите:***

СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО (52,1%)

УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО (22,5%)

ЗБИРНИ ИЗВОРИ И ИЗВОРИ НА ЕМИСИИ НА ДРУГИ ГАСОВИ ОД ЗЕМЈИШТЕТО КОИ НЕ СЕ $CO_2$ (25,4%)

***За намалување на емисиите:***

- ЈАДИ СЕЗОНСКА ХРАНА БЕЗ АДИТИВИ И ПЕСТИЦИДИ
- КУПУВАЈ ЗДРАВИ ПРОИЗВОДИ ОД ЛОКАЛНИ ФАРМЕРИ
- СТРЕМИ СЕ КОН ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО

***Тренд на емисии од секторот Земјоделство***
*(Gg $CO_2$ еквиваленти)*




## $CH_4$ МЕТАН

***51% од вкупните емисии во секторот***

| | |
|---|---|
| 79,7% | од емисиите на метан во овој сектор доаѓаат од ентерична ферментација кај домашните животни и во последните години се забележува нивно опаѓање |
| 16,4% | од емисиите на метан во овој сектор се ослободуваат при управување со шталското ѓубре на фармите |
| 3,9% | од емисиите на метан во овој сектор се ослободуваат при одгледување на ориз |

## $N_2O$ АЗОТЕН ОКСИД

***26,1% од вкупните емисии во секторот***

| | |
|---|---|
| 58,6% | од емисиите на азотен оксид во земјоделството се директни емисии од обработливи почви кои главно се предизвикани од употребата на азотно ѓубре кај земјоделските површини како вообичаена агротехничка мерка |
| 21,3% | индиректни емисии од обработливите почви (аплицирање на минерални азотни ѓубрива и шталско ѓубре, други природни процеси или процеси кои се резултат на човековата активност) |
| 11,9% | од емисиите на азотен оксид во земјоделството се ослободуваат при управување со шталското ѓубре на фармите |
| 8,9% | индиректни емисии од управување со шталско ѓубре |

## $CO_2$ ЈАГЛЕРОД ДИОКСИД

***22,9% од вкупните емисии во секторот***

| | |
|---|---|
| 41,8% | поради промена на земјиштето во обработливо земјиште; |
| 45,6% | поради промена на земјиштето во пасишта; |
| 8,8% | поради промена на земјиштето во населени места; |
| 1,9% | поради промена на земјиштето во друго земјиште; |
| 1,9% | поради примена на уреа |

**НЕГАТИВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕКТОРОТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

- Пасиштата се поместуваат кон повисоките места
- Сезоната на пасење е подолга
- Се зголемуваат штетите на житните култури од штетници кои преживуваат поради благите зими
- Се пролонгира сезоната на садење и раст на културите
- Користење на повеќе вода за наводнување